До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е Барање за мислење, во врска со тоа дали настанува судир на интереси во ситуација кога лице аплицира на повик за член на Управен одбор во ЈКП, а истовремено е вработено во општина на работно место раководител на одделението за управување со човечки ресурси, која е основач на претпријатието.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, под поимот „службено лице" се подразбираат сите избрани или именувани лица **и вработените во јавниот сектор.**

Член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ја утврдува основната дефиниција на поимот „судир на интереси":
„Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности".

Согласно член 49 став (2) од истиот Закон:
„(2) Вработен во јавниот сектор, **може** да биде член во еден управен или надзорен орган во трговско друштво, јавните претпријатија, агенции, фондови и други правни лица со доминантен државен капитал."

Од друга страна, во член 17 – а став 2 од Законот за јавните претпријатија е предвидено следното:

„За избор на членови во управниот одбор на јавното претпријатие основано од општината и Градот Скопје, на предлог на градоначалникот на општината односно градоначалникот на Градот Скопје, Советот на општината, односно Советот на Градот Скопје, формира Комисија за селекција составена од: претседател и негов заменик, од редот на вработените во општината, односно во Градот Скопје, еден член и негов заменик, вработени во организациона единица за управување со човечки ресурси во општината, односно во Градот Скопје, од која е основано јавното претпријатие и еден член и негов заменик, вработени во јавното претпријатие за кое е објавен повик за пројавување интерес за пријавување на кандидатите."

Врз основа на наведеното, Државната комисија оцени дека како вработено лице во општина, може да ја врши функција член на Управниот одбор на ЈКП, согласно член 49 став (2) од Законот.

Во натамошното вршење на јавните овластувања и службени должности, Државната комисија укажува на начелото на интегритет согласно кое секое службеното лице е должно да постапува во рамките на јавен интерес, избегнувајќи влијание од лични, семејни, партиски, верски или други интереси.

Дополнително согласно член 82 став (1) од истиот Закон:

„(1)Избрано или именувано лице, одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал, нотар, извршител, административен службеник од категоријата А утврдена со закон или лице вработено во кабинетите на претседателот на Република Македонија, претседателот на Собранието на Република Македонија, потпретседателите на Собранието на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија, заменицитe на претседателот на Владата на Република Македонија, министрите и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, заради извршување на работни задачи на посебен советник, при изборот, именувањето назначувањето, односно вработувањето, **а најдоцна во рок од 30 дена од денот на изборот, именувањето, назначувањето односно вработувањето поднесува изјава за имотна состојба и интереси."**

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК информира дека, доколку лицето биде именувано за член на Управен одбор на ЈКП, има законска обврска да достави изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, во рок од 30 дена од денот на изборот/именувањето.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**